РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-281/1 105/1
10-01-2018 20__ год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство, трговија и услуги
ИНВИКТА ДООЕЛ
Бр.: 0307-24/1
09.02 2018 год.
Скопје

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" " бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 120/16 и 189/16), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на Друштвото за производство, трговија и услуги ИНВИКТА ДООЕЛ Скопје на локалитетот "Лира" во атарот на с.Негорци, општина Гевгелија бр.44-4462/1 од 29.08.2017 година (Службен весник на Република Македонија бр.121/17) и членот 24 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот "Лира" во атарот на с.Негорци, општина Гевгелија бр.24-7457/1 од 06.12.2013 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi (во натамошниот текст: концедент) и**

**2. Друштвото за производство, трговија и услуги ИНВИКТА ДООЕЛ Скопје**
**со адреса Булевар Партизански одреди бр.43 Б/2 Скопје - Центар, Република Македонија**
**застапувано од лицето Влантимир Стогиновитс**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2017 година во Скопје, склучија:**

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ДИЈАБАЗ НА ЛОКАЛИТЕТОТ "ЛИРА" ВО АТАРОТ НА С.НЕГОРЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Член 1**

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот "Лира" во атарот на с.Негорци, општина Гевгелија бр.24-7457/1 од 06.12.2013 година, членот 3 се менува и гласи:

**„Член 3**

**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 15 (петнаесет) години".

**Член 2**

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 6 (шест) примероци за Концедентот и по 1 (еден) примерок за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот "Лира" во атарот на с.Негорци, општина Гевгелија бр.24-7457/1 од 06.12.2013 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот "Лира" во атарот на с.Негорци, општина Гевгелија бр.24-7457/1 од 06.12.2013 година остануваат во сила, непроменети.

| | |
|---|---|
| За Концедентот | За Концесионерот |
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | Друштво за производство, |
| МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА, | трговија и услуги |
| Kreshnik Bekteshi | ИНВИКТА ДООЕЛ Скопје |
| | Влантимир Стоjиновитс |

Република Македонија Министерство за економија Скопје

ИНВИКТА ДООЕЛ Скопје

Подготвил: Фатмир Шаќири
Контролирале: м-рЈетон Кучи
д-р Ејуп Љатифи
Одобрил: Зоран Павловски